# Индекс за Економска Слобода

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Скопје ја има честа да го објави најновиот Индекс на економска слобода подготвен и објавен од Институтот Фрејзер. Хонг Конг е повторно прва на ранг-листа од 141 земја за економска слобода. Веднаш по Хонг Конг следуваат Сингапур, Нов Зеланд, Швајцарија, и Чиле.

Ова истражување за 2009 година се базира на податоци од 2007 година. Според Индексот на слободата во светот Република Македонија е рангирана на 89-тото место од 141 земји. На скала од еден до десет вкупната оценка на Република Македонија е 6, 40. Од земјите во регионот, Бугарија е на 57-то место, Хрватска на 95-то место, 84-то Србија и Црна Гора на 81-то место. Овогодинешниот извештај, исто така, ги вклучува новите истражувања што ги испитува можните последици од глобалната рецесија на ниво на економска слобода. Опонентите на економската слобода, ја криват глобалната рецесија на пазарите притоа надевајќи се дека ќе ја искористат како изговор за огромна експанзија во владата. Но, дури и во рецесија, квалитетот на животот во земји со слободен пазар е значително посупериорен од земјите со економии управувани од државата.

Со цел успешно да ја поминете глобалната финансиска криза, земјите мора да се фокусираат на политики кои ги поддржуваат основните принципи на економската слобода. Доколку се избере токму овој начин, кризата ќе биде одвратена и ќе остане во историјата. Но ако научиме погрешни лекции и ги избереме реформите и политиките кои не се совпаѓаат со економската слобода, нашата судбина ќе биде како онаа од 1930 година, светот ќе се соочи со стагнација и пад.

Годишниот рецензиран извештај на економската слобода во светот е изработен од Институтот Фрејзер, во соработка со независни институти во 75 земји и територии. Извештајот на економската слобода во светот користи 42 различни мерки за да се создаде индекс кој ги рангира земјите во светот врз база

на политиките кои поттикнуваат економска слобода. Клучните градива на економската слобода, се личниот избор, доброволна размена, слобода за

натпревар, и безбедноста на приватната сопственост. Економска слобода е измерена во пет различни области: (1) големината на владата; (2) правната структура и безбедноста на правата на сопственост (3) пристап до пари; (4) слободата за трговијата на меѓународно ниво; и (5) регулирање на кредит,работа и бизнис. Истражувањата покажуваат дека лицата кои живеат во земји со висок степен на економска слобода уживаат повисок степен на благосостојба, просперитет, поголеми индивидуалните слободи, и подолг живот. Економска слобода е клучен дел од просперитетните земји во светот. Земји со висок степен на економска слобода се оние во кои луѓето уживаат висок стандард на живеење и лични слободи. Оние земји на дното на индексот се соочуваат со спротивната ситуација, граѓаните на овие држави често се наоѓаат во сиромаштија, се регулираат со тоталитарните режими и имаат малку или воопшто немаат индивидуалните права или слободи.

Оваа година Хонг Конг ја задржува највисоката оценка за економската слобода, 8,97 од 10. На високо место во индексот се: Сингапур (8,66), Нов Зеланд (8,30), Швајцарија (8,19), Чиле (8,14), САД (8,06), Ирска (7,98), Канада (7,91), Австралија врзана со Британија (7,89) и Естонија (7,81). Краткорочните одговор на владите речиси сигурно ќе ја намали економската слобода, но историјата покажува дека тоа не мора да биде случај на подолг рок. Неколку земји, кои веќе искусиле финансиски кризи се придвижиле кон поголема економска слобода во следните години. Влијанието на економската слобода зависи од тоа што учиме од кризата. Дали ќе се движиме кон институциите поконзистентно со економската слобода? Или ќе политизираме, и ќе ја зголемуваме големината и улогата на владата?

* * * *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk